Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02), член 52 од Законот за јавни патишта (Службен весник на РМ бр.84/08, 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014, 44/2015, 150/2015, 31/2016, 71/2016 и 163/2016) и членот 14 од Статутот на општина Крива Паланка (Службен гласник на општина Крива Паланка бр. 08/10, 08/14, 02/18 , 03/19 и 08/21), Советот на општина Крива Паланка на Седницата одржана на 03. 12 2021 година донесе

# П Р О Г Р А М А

## уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 на подрачјето на Општина Крива Паланка

Целта на програмата е превземање на активности за одржување во функционална состојба на хоризонталната и вертикалната сообраќајна сигнализација, проектирање на сообраќајно техничка документација за утврдување или измена на режимот на сообраќајот, како и изведба на нова сообраќајна синализација заради безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на подрачјето на Општина Крива Паланка

Реализацијата на програмата за уредување на сообраќајна сигнализација ќе се врши по донесување на сообраќајно техничка документација.

Редоследот на изготвување на техничка документација како и целосна реализација на програмата за проектирање и уредување на сообраќајна сигнализација за 2022 година на подрачјето на Општина Крива Паланка ќе биде усогласен со динамика на изградба на локалните патишта и улици во општината.

Програма за 2022 година ќе се реализира во 2 фази и тоа:

**I. Изработка на сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќајот на улиците во Општина Крива Паланка**

1. Изработка на техничка документација – Измена и дополнување на Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски;
2. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај за улица Херој Карпош;
3. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Ратко Минев;
4. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Македонска;
5. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Лозановска;

6. Изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за утврдување на режимот на сообраќај на улица Ацо Шопов,

**II. Поставување на сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќајот на улиците во Општина Крива Паланка**

1. Поставување на хоризонтална сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка
2. Поставување на вертикална сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка

**III. За реализација на оваа програма финансиската вредност на предвидените работи изнесуваат:**

1. За реализација на фаза I од Програмата, односно изработка на сообраќајно техничка документација за утврдување нна режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка, потребни се сретства во износ од **300.000,оо** денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
2. За реализација на фаза II од Програмата, односно поставување на сообраќајна сигнализација согласно одобрена сообраќајно техничка документација за утврдување на режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка, потребни се сретства во износ од **2.000.000,оо** денари кои ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.
3. Вкупно потребни сретства за реализација на Програмата за проектирање и уредување на сообраќајна сигнализација на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година се во вредност од **2.300.000,оо** денари и истите ќе се обезбедат од буџетот на Општина Крива Паланка.

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01.01.2022 година.

**Бр.09-3711/75** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**03. 12 2021 г.** **Претседател**
**Крива Паланка** **Изабела Павловска**